Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 11/18 ), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, директорот на Дирекција за заштита и спасување донесе

# О Д Л У К А

04-1304/19
18.7.2023

**за не извршување избор по пат на интерен оглас 01/2023 за унапредување на административен службеник во Дирекција за заштита и спасување**

1. За работното место советник за превенција и планирање земјотреси / свлечишта / карпести одрони / рударски несреќи, Одделение за превенција и планирање при природни непогоди, Сектор за превенција, планирање и развој , УПР0101В01000 - 1 (еден) извршител, во Дирекција за заштита и спасување , НЕ Е ИЗВРШЕН ИЗБОР.

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По објавувањето на интерниот оглас бр.01/2023 од 19.06.2023 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување со Решение бр.04-1304/11 од 10.07.2023 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници записник 04-1304/12 од 12.07.2023 година, при што за работното место советник за превенција и планирање земјотреси / свлечишта / карпести одрони / рударски несреќи, Одделение за

превенција и планирање при природни непогоди, Сектор за превенција, планирање и развој , **не е извршен избор поради тоа што кандидатот не ги исполнува условите**.

Имено, за работното место бр.4 во интерниот оглас бр.01/2023 во делот на посебни услови се бара ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, **инженерство и технологија** , а кандидатот кој аплицираше за ова работно место имаше 180 кредити стекнати според ЕКТС од областа инженерство и технологија, додека преостанатите 120 кредити стекнати според ЕКТС беа од областа организациони науки, управување и менаџмент што според Македонската рамка на квалификации не постои можност кредитите од прв и втор циклус да бидат собрани од причина што се од две различни области и поради тоа не е извршен избор на кандидат за ова работно место.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас бр.01/2023, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

**ДИРЕКТОР**

**Bekim Maksuti**

**Доставено до:**

**-именуваниот**

**-архива**